РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

АГЕНЦИЈА ЗА ПЛАНИРАЊЕ НА ПРОСТОРОТ

# ПЛАНСКА ПРОГРАМА

ЗА ИЗРАБОТКА НА

УРБАНИСТИЧКИ ПЛАН ЗА ПОДРАЧЈА И ГРАДБИ ОД ДРЖАВНО ЗНАЧЕЊЕ ЗА

## КЛАСА НА НАМЕНА В4 – ЗГРАДИ НА ОРГАНИТЕ НА ДРЖАВНАТА ВЛАСТ, ВО ГРАДСКА ЧЕТВРТ 304, БЛОК 04.01

КО КАРПОШ, ОПШТИНА КАРПОШ

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

(ПЛАНСКИ ПЕРИОД 2023-2033 ГОДИНА)

НОЕМВРИ 2023

# ПЛАНСКА ПРОГРАМА

ЗА ИЗРАБОТКА НА

УРБАНИСТИЧКИ ПЛАН ЗА ПОДРАЧЈА И ГРАДБИ ОД ДРЖАВНО ЗНАЧЕЊЕ СО

## КЛАСА НА НАМЕНА В4 – ЗГРАДИ НА ОРГАНИТЕ НА ДРЖАВНАТА ВЛАСТ, ВО ГРАДСКА ЧЕТВРТ 304, БЛОК 04.01,

КО КАРПОШ, ОПШТИНА КАРПОШ

(ПЛАНСКИ ПЕРИОД 2023-2033 ГОДИНА)

НАРАЧАТЕЛ: **МИНИСТЕРСТВО ЗА ТРАНСПОРТ И ВРСКИ**
**АГЕНЦИЈА ЗА НАЦИОНАЛНА БЕЗБРДНОСТ**

ИЗРАБОТУВАЧ: **АГЕНЦИЈА ЗА ПЛАНИРАЊЕ НА ПРОСТОРОТ**

ДИРЕКТОР: **м-р. Андријана Андреева , дипл.инж.арх.**

Andrijana Andreeva Digitally signed by Andrijana Andreeva
Date: 2023.11.21 12:10:24 +01'00'

ТЕХНИЧКИ БРОЈ: R2123

**Република Македонија**
**МИНИСТЕРСТВО ЗА ТРАНСПОРТ И ВРСКИ**
**СКОПЈЕ**

Врз основа на член 16 став (2) Законот за просторно и урбанистичко планирање, Министерство за транспорт и врски издава:

# *ЛИЦЕНЦА*

## ЗА ИЗРАБОТУВАЊЕ НА УРБАНИСТИЧКИ ПЛАНОВИ

НА

**АГЕНЦИЈА ЗА ПЛАНИРАЊЕ НА ПРОСТОРОТ СКОПЈЕ**

(назив, седиште, адреса и ЕМБС на правното лице)

**ул.ПЛОШТАД МАКЕДОНИЈА бр. ББ СКОПЈЕ- ЦЕНТАР, ЦЕНТАР, ЕМБС: 6067441**

**СО ДОБИВАЊЕ НА ОВАА ЛИЦЕНЦА ПРАВНОТО ЛИЦЕ СЕ СТЕКНУВА СО ПРАВО ЗА ИЗРАБОТУВАЊЕ НА УРБАНИСТИЧКИ ПЛАНОВИ, УРБАНИСТИЧКО-ПЛАНСКИ ДОКУМЕНТАЦИИ, УРБАНИСТИЧКО-ПРОЕКТНИ ДОКУМЕНТАЦИИ И РЕГУЛАЦИСКИ ПЛАН НА ГЕНЕРАЛЕН УРБАНИСТИЧКИ ПЛАН**

ЛИЦЕНЦАТА Е СО ВАЖНОСТ ДО: **06.12.2025 година**

Број: **0002**

**06.12.2018 година**
(ден, месец и година на издавање)

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА МИНИСТЕРСТВО ЗА ТРАНСПОРТ И ВРСКИ СКОПЈЕ

**МИНИСТЕР**

**Горан Сугарески**

# ПЛАНСКА ПРОГРАМА

ЗА ИЗРАБОТКА НА

УРБАНИСТИЧКИ ПЛАН ЗА ПОДРАЧЈА И ГРАДБИ ОД ДРЖАВНО ЗНАЧЕЊЕ СО

## КЛАСА НА НАМЕНА В4 – ЗГРАДИ НА ОРГАНИТЕ НА ДРЖАВНАТА ВЛАСТ, ВО ГРАДСКА ЧЕТВРТ 304, БЛОК 04.01,

КО КАРПОШ, ОПШТИНА КАРПОШ

(ПЛАНСКИ ПЕРИОД 2023-2033 ГОДИНА)

РАКОВОДИТЕЛ НА СЕКТОР ЗА УРБАНИСТИЧКО ПЛАНИРАЊЕ: **М-р Јулијана Ставревски**, дипл.инж.арх.
*број на овластување 0.0382*

Julijana Stavrevski

Digitally signed by Julijana Stavrevski
Date: 2023.11.21 09:32:41 +01'00'

РАКОВОДИТЕЛ НА УППГДЗ: **Иван Арсовски**, дипл.инж.арх.
*број на овластување 0.0395*

Ivan Arsovski

Digitally signed by Ivan Arsovski
Date: 2023.11.21 09:32:18 +01'00'

ПЛАНЕРИ:

**м-р. Јулијана Ставревски,** дипл.инж.арх.
*број на овластување 0.0382*

**Томе Стојанов**, м-р.инж.арх.
*број на овластување 0.0641*

животна средина и природно наследство:

**м-р Весна М. Димишковска**, дипл.инж.заш.жив.ср.

*надворешен соработник:*

**Елена Стојкова**, м-р.инж.арх.

АГЕНЦИЈА ЗА ПЛАНИРАЊЕ НА ПРОСТОРОТ
SPATIAL PLANNING AGENCY

апп-752-101.01 Рев.00

## ОДЛУКА ЗА ФОРМИРАЊЕ НА ТИМ И ИМЕНУВАЊЕ НА РАКОВОДИТЕЛ, ПЛАНЕР-ПОТПИСНИК И ПЛАНЕРИ

Врз основа член 17 од Законот за урбанистичко планирање, (Сл.Весник на РМ бр. 32/20 и 111/23), како и врз основа на Годишната програма за финансирање на изработка на урбанистички планови за 2023 година (Сл. Весник на РСМ бр.65/23) и Договорот со Министерство за транспорт и врски, Директорот на Агенција за планирање на просторот, Скопје, на ден 05.07.2023 година, донесе Одлука за формирање на тим и именување на раководител на тим, планер-потписник и членови на тимот на УППГДЗ.

| | |
|---|---|
| НИВО НА ИЗРАБОТКА: | Планска програма, Документациона основа, Планска документација (текстуален, графички и нумерички дел) |
| ИМЕ НА ПЛАНОТ: | УРБАНИСТИЧКИ ПЛАН ЗА ПОДРАЧЈА И ГРАДБИ ОД ДРЖАВНО ЗНАЧЕЊЕ СО КЛАСА НА НАМЕНА В4 - ЗГРАДИ НА ОРГАНИТЕ НА ДРЖАВНАТА ВЛАСТ, ВО ГРАДСКА ЧЕТВРТ З 04, БЛОК З 04.01, КО КАРПОШ, ОПШТИНА КАРПОШ |
| ТЕХНИЧКИ БРОЈ: | R2123 |

**РАКОВОДИТЕЛ НА ТИМ:** Иван Арсовски, дипл.инж.арх. овластување бр. 0.0395

| | **Работни задачи:** |
|---|---|
| **Планер потписник:** Иван Арсовски, дипл.инж.арх. овластување бр. 0.0395 | Планска програма, Документациона основа, Планска документација |
| **Членови на тимот:** | |
| 1. М-р. Јулијана Ставревски, дипл.инж.арх.овластување бр.0432 | Документациона основа, Планска документација |
| 2. Томе Стојанов, м-р. дипл.инж.арх. овластување бр. 0.0641 | Документациона основа, Планска документација |
| 3. М-р Весна М. Димишковска, дизжс | Животна средина и природно наследство |
| **Надворешен соработник** | |
| 4. Елена Стојкова, м-р. дипл,инж.арх.. | Документациона основа, Планска документација |

Членовите на тимот своите работни задачи, ќе ги извршуваат до одобрување на УРБАНИСТИЧКИ ПЛАН ЗА ПОДРАЧЈА И ГРАДБИ ОД ДРЖАВНО ЗНАЧЕЊЕ СО КЛАСА НА НАМЕНА В4 - ЗГРАДИ НА ОРГАНИТЕ НА ДРЖАВНАТА ВЛАСТ, ВО ГРАДСКА ЧЕТВРТ З 04, БЛОК З 04.01, КО КАРПОШ, ОПШТИНА КАРПОШ.
Материјалните ресурси ќе бидат обезбедени согласно тековните потреби.

Во Скопје,05.07.2023год.

Изработил: М-р. Јулијана Ставревски, диа
Раководител на сектор за урбанистичко планирање

ДИРЕКТОР, М-Р.АНДРИЈАНА АНДРЕЕВА д.и.а.
АГЕНЦИЈА ЗА ПЛАНИРАЊЕ НА ПРОСТОРОТ

Република Северна Македонија
КОМОРА НА ОВЛАСТЕНИ АРХИТЕКТИ
И ОВЛАСТЕНИ ИНЖЕНЕРИ

Врз основа на член 67, став (10) од Законот за урбанистичко планирање,
(„Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 32 од 10 февруари 2020 г.)
Комората на овластени архитекти и овластени инженери издава

# ОВЛАСТУВАЊЕ

## ЗА ИЗРАБОТУВАЊЕ НА УРБАНИСТИЧКИ ПЛАНОВИ

на

## ИВАН АРСОВСКИ

дипломиран инженер архитект (NQF VII-1)

Овластувањето се издава на НЕОПРЕДЕЛЕНО ВРЕМЕ и важи се додека лицето носител на овластувањето ги исполнува условите пропишани во овој закон и во статутот на комората

Број: **0.0395**

Издадено на: 02.07.2020 год.

Претседател на
Комората на овластени архитекти
и овластени инженери

Проф. д-р Миле Димитровски
дипл.маш.инж.

Република Северна Македонија
КОМОРА НА ОВЛАСТЕНИ АРХИТЕКТИ
И ОВЛАСТЕНИ ИНЖЕНЕРИ

Врз основа на член 67, став (10) од Законот за урбанистичко планирање,
(„Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 32 од 10 февруари 2020 г.)
Комората на овластени архитекти и овластени инженери издава

# ОВЛАСТУВАЊЕ

## ЗА ИЗРАБОТУВАЊЕ НА УРБАНИСТИЧКИ ПЛАНОВИ

на

**м-р ЈУЛИЈАНА СТАВРЕВСКИ**

магистер по архитектура и дизајн дипломиран инженер архитект (NQF 302 ЕКТС)

Овластувањето се издава на НЕОПРЕДЕЛЕНО ВРЕМЕ и важи се додека лицето носител на овластувањето ги исполнува условите пропишани во овој закон и во статутот на комората

Број: **0.0382**

Издадено на: 02.07.2020 год.

КОМОРА НА ОВЛАСТЕНИ АРХИТЕКТИ И ОВЛАСТЕНИ ИНЖЕНЕРИ

Претседател на
Комората на овластени архитекти
и овластени инженери

Проф. д-р Миле Димитровски
дипл.маш.инж.

Република Северна Македонија
КОМОРА НА ОВЛАСТЕНИ АРХИТЕКТИ
И ОВЛАСТЕНИ ИНЖЕНЕРИ

Врз основа на член 16 од Законот за просторно и урбанистичко планирање („Службен весник на Република Македонија" бр. 199 од 30.12.2014, 44/15, 193/15, 31/16, 163/16, 64/18, 168/18) Комората на овластени архитекти и овластени инженери издава

# ОВЛАСТУВАЊЕ

ЗА ИЗРАБОТУВАЊЕ НА УРБАНИСТИЧКИ ПЛАНОВИ ОДНОСНО
ПЛАНЕР-ПОТПИСНИК НА ПЛАНСКА ДОКУМЕНТАЦИЈА

на

**ТОМЕ СТОЈАНОВ**

дипломиран инженер архитект

Овластувањето е со важност до: 28.07.2024 год.

Број: **0.0641**

Издадено на 29.07.2019 год..

Претседател на
Комората на овластени архитекти
и овластени инженери

Проф. д-р Миле Димитровски
дипл.маш.инж.

# ПЛАНСКА ПРОГРАМА

ЗА ИЗРАБОТКА НА

УРБАНИСТИЧКИ ПЛАН ЗА ПОДРАЧЈА И ГРАДБИ ОД ДРЖАВНО ЗНАЧЕЊЕ СО

## КЛАСА НА НАМЕНА В4 – ЗГРАДИ НА ОРГАНИТЕ НА ДРЖАВНАТА ВЛАСТ, ВО ГРАДСКА ЧЕТВРТ 304, БЛОК 04.01,

КО КАРПОШ, ОПШТИНА КАРПОШ

(ПЛАНСКИ ПЕРИОД 2023-2033 ГОДИНА)

## 1. ВОВЕД

Планската програма е изработена врз основа на член 44 од Законот за урбанистичко планирање (Сл.в.на РСМ бр. 32/20 и 111/23), Правилникот за урбанистичко планирање (Сл.в. на РСМ бр. 225/20, 219/21, 104/22 и 99/23) и Годишната Програма за финансирање на изработка на Урбанистички планови за 2023 година (Сл. Весник на РСМ 65/23), во **делот I, точка 29,** која гласи:

- **Изработка на Урбанистички план за подрачја и градби од државно значење со класа на намена В4 – згради на органите на државната власт, во градска четврт 304, блок 04.01, КО Карпош, Општина Карпош.**

Согласно Законот за урбанистичко планирање (Сл.в.на РСМ бр. 32/20 и 111/23), потребно е да се изработи планска документација за:

- **Урбанистички план за подрачја и градби од државно значење со класа на намена В4 – згради на органите на државната власт, во градска четврт 304, блок 04.01, КО Карпош, Општина Карпош со тех.бр. R2123.**

## 2. ПОДРАЧЈЕ НА ПЛАНСКИОТ ОПФАТ

Површината на планскиот опфат за **Урбанистички план за подрачја и градби од државно значење со класа на намена В4 – згради на органите на државната власт, во градска четврт 304, блок 04.01, КО Карпош, Општина Карпош,** изнесува **П=1,966ха.** Земјиштето во рамките на планскиот опфат е во сопственост на РС Македонија.

Предметната локација се наоѓа во општина Карпош, во Градска четврт 3 04, Блок 3 04.01. Градската четврт 3 04 се наоѓа во централно-западниот дел на градот, територијално припаѓа на општина Карпош и се наоѓа во границите на сообраќајниците: од Југ со Бул. "Илинден", од Исток со булевар „8-ми Септември", од Север со река Вардар и од Запад со собирна улица „Љубљанска".

Во планскиот опфат влегуваат следните катастарски парцели и тоа:

Во КО Карпош: КП 567/1, дел од КП 568/1, дел од КП 568/2, дел 568/3, дел од КП 577/1, дел од КП 577/2, дел од КП 574/12, дел од КП 597/1, дел од КП 572, дел од КП 573, дел од КП 7061/2 и дел од КП 566/1.




| ТОЧКА БР. | Y | X |
|---|---|---|
| 1. | 7533697.0300 | 4651870.9500 |
| 2. | 7533697.5100 | 4651880.1300 |
| 3. | 7533697.7300 | 4651880.2195 |
| 4. | 7533747.0100 | 4651900.2700 |
| 5. | 7533798.8706 | 4651898.9151 |
| 6. | 7533799.7911 | 4651912.4666 |
| 7. | 7533740.0285 | 4651913.3823 |
| 8. | 7533729.0500 | 4651908.9300 |
| 9. | 7533712.5582 | 4651902.4221 |
| 10. | 7533692.5179 | 4651894.7265 |
| 11. | 7533673.1200 | 4651887.2500 |
| 12. | 7533648.9000 | 4651877.5000 |
| 13. | 7533629.6300 | 4651869.9300 |
| 14. | 7533608.5900 | 4651861.3200 |
| 15. | 7533584.6200 | 4651851.5900 |
| 16. | 7533570.0700 | 4651845.6100 |
| 17. | 7533570.1800 | 4651829.6200 |
| 18. | 7533570.1800 | 4651813.6300 |
| 19. | 7533566.0200 | 4651792.8200 |
| 20. | 7533562.5859 | 4651741.7978 |
| 21. | 7533561.9144 | 4651731.8204 |
| 22. | 7533570.0491 | 4651731.2729 |
| 23. | 7533683.9576 | 4651723.6061 |
| 24. | 7533689.3341 | 4651723.2443 |
| 25. | 7533690.0057 | 4651733.2217 |
| 26. | 7533690.3611 | 4651741.6778 |
| 27. | 7533690.6100 | 4651747.6000 |
| 28. | 7533694.4800 | 4651822.8900 |

ПОВРШИНА: 19655.6090м$^2$
ПЕРИМЕТАР: 760.7981м'

| нај | Y | X |
|---|---|---|
| источна | 7533800.1058 | 4651912.4452 |
| северна | 7533799.7911 | 4651912.4666 |
| западна | 7533561.9144 | 4651731.8204 |
| јужна | 7533689.3341 | 4651723.2443 |

Границата на планскиот опфат е прикажана со линија која ги поврзува сите прекршни точки, означени со редни броеви од 1 до 28, за кои точки табеларно се дадени параметрите по X и Y координати.

Границата се движи по границите на катастарските парцели и нивни делови, оски на улици, по создадени и природни и други просторни граници кои ги дозволува природата на планскиот опфат и предметот на планирањето, започнувајќи од Точка 1 која е тромеѓе на КП 567/1, КП567/2 и КП 566/1, па се движи по граница на КП 566/1 со КП 567/2 кон Точка 2, Точка 3, Точка 4 и Точка 5, потоа ја пресекува КП 566/1 кон север и се движи кон Точка 6 преклоувајќи се со линијата на границата на наменската зона и завршетокот на раскрсницата од сервисната улица „С3" (од РП на ГУП на град Скопје 2012-2022г. за градска четврт 3 04), од Точка 6 свртува кон запад пратејќи го правецот на сервисната улица „С3", пресекувајќи ја границата меѓу КП 566/1 и КП 7061/2 и се движи до Точка 7 удирајќи на северната граница на КП 7061/2, која се граничи со КП 578, понатаму се движи кон запад и преклопува со границата меѓу КП 7061/2 и КП 578 и нејзините прекршочни точки Т8, Т9, Т10, Т11, Т12, Т13, Т14, Т15 и Т16, оттука ја пресекува КП 7061/2 и се движи кон Југ удирајќи ја отпрвин границата меѓу КП 7061/2 и КП 573, па продолжува во тој правец пресекувајќи ја КП 573 и стигнува до границата меѓу КП 573 и КП 572, продолжува во јужен правец пресекувајќи ја КП 752 движејќи се кон точка Т17, а по неа стигнува до точка Т18, се движи кон точка Т19 поклопувајќи се со границата меѓу КП 571 и КП 572, продолжува во јужен правец и се пресекува со границата меѓу КП 572 и КП 568/1, ја пресекува КП 568/1 пратејќи го јужниот правец се пресекува со границата меѓу КП 568/1 и КП 597/1, продолжува кон Југ кон Точка 20 и Точка 21 удирајќи на осовината на планираната сервисна улица „С1" (од РП на ГУП на град Скопје 2012-2022г. за градска четврт 3 04), ја прати осовината кон Исток пристигајќи до точките Т22 и Т23, пратејќи ја осовината на сервисната улица и ја пресекува границата меѓу КП 577/1 и КП 577/2, ја пресекува КП 577/2 движејќи се по осовината на сервисната улица кон границата на КП 577/2 и КП 574/12, ја пресекува нивната граница и сече низ КП 574/12 удирајќи на границата меѓу КП 574/12 и 568/3, понатаму во истиот правец ја пресекува КП 568/3 и стигнува до точка Т24 од која го променува правецот и се движи кон Север притоа пресекувајќи ја границата меѓу КП 568/2 и КП 568/3, продолжува кон Север пресекувајќи ја КП 568/2 и стига до точка Т25, продолжува сечејќи ја КП 568/2 и удира на границата меѓу КП 568/2 и КП 568/1, продолжува во истиот правец сечејќи ја КП 568/1 и пристига до точка Т26 која се наоѓа на пресекот со границата меѓу КП 568/1 и КП 567/3, продолжува кон Север сечејќи ја КП 567/3 кон точка Т27 која е на границата меѓу КП 567/3 и КП 567/4, продолжува кон север движејќи се по границата меѓу КП 567/4 и КП 567/1 спојувајќи се со точка Т28 која е тромеѓе меѓу КП 567/4, КП 567/1 и КП 567/2 и на крајот се спојува со точка Т1 движејќи се во северен правец по границата на КП 567/1 и КП 567/2.

## 3. ПОТРЕБИ И МОЖНОСТИ ЗА ПРОСТОРЕН РАЗВОЈ НА ПОДРАЧЈЕТО ВО РАМКИ НА ПЛАНСКИОТ ОПФАТ

Оваа планска програма е изготвена врз основа на потребите за планирање на административен комплекс на Агенцијата за национална безбедност (АНБ) на територијата на Општина Карпош, во непосредна близина на градскиот парк Скопје, река Вардар и спортската сала „Борис Трајковски". Агенцијата за национална безбедност е институција – самостоен државен орган, основан со цел да ги заштити националната безбедност, суверенитетот и независноста на државата, како и да ги заштити слободите и правата на човекот и граѓанинот, а кои се втемелени во Уставот на Република Северна Македонија. Градбите кои во моментот се користат како административни објекти од страна на

Агенцијата за национална безбедност, не се организирани во еден заеднички комплекс, ниту се на иста локација во градскиот простор. АНБ во моментов, своите работни активности ги обавува на различни локации, користејќи простории во комплексот на Министерството за внатрешни работи, простории во комплексот на Македонската радио и телевизија и простории во полициската станица „Битпазар". Ваквата дисперзираност на просторните капацитети на агенцијата значително влијаат на нејзиното оперативно и функционално работење и затоа е произлезена потреба за изградба на комплекс на соодветна локација, која ќе овозможи значително да се унапреди сегашната состојба, а воедно ќе предвиди и развој во иднина.

Можностите за просторен развој на подрачјето во рамките на планскиот опфат се разгледани и утврдени преку три аспекти:

- Просторна диспозиција и градежен фонд
- Законска регулатива
- Претходна планска документација

Првиот аспект е согледан преку изборот на подрачјето каде е можно да се гради и неговата просторната диспозиција во однос на градскиот простор, понатаму неговите географски услови, контекстот на изградениот и неизграден околен простор, постојните околни содржини и намени, како и врските со нив преку реализираните инфраструкутрни коридори и водови. Овде се работи за подрачје кое опфаќа дел од градскиот простор и административно припаѓа во Општината Карпош во град Скопје. Се наоѓа од десната страна на реката Вардар, во близина на Градскиот Парк Скопје и Спортскиот комплекс Борис Трајковски. Дополнителни содржини и врски кои овозможуваат непречено функционирање на идниот комплекс со градби се реализираните намени од јавни функции и безбедносните комплекси и инфраструктури.

Од аспект на Законската регулатива овој урбанистички план се изработува согласно Став 3 од Член 17 од Законот за урбанистичко планирање (Сл. Весник на РСМ, бр. 32/20 и 111/23), а во корелација со Став 2 и Став 4, Точки 2 и 8 од Член 17 до Законот каде е пропишано *„За подрачја и градби од државно значење се сметаат **подрачја и градби**, инфраструктури и супраструктури **од меѓународна, републичка, регионална** и повеќе општинска **природа и стратешко значење за државата**"*.

За подрачјето каде се планира изработка на Урбанистички план за подрачја и градби од државно значење со класа на намена В4 – згради на органите на државната власт, во градска четврт 304, блок 04.01, КО Карпош, Општина Карпош, има претходна планска документација и за него се обезбедени Изводи од урбанистички планови, односно тоа се планови од повисоко ниво:

- ГУП на Град Скопје, плански период 2012-2022г.
- Регулационен план на ГУП за град Скопје 2012-2022 за градска четврт 3 04

Генералниот урбанистички план на град Скопје 2012-2022г. е донесен со одлука бр. 07-5068/1 од 3 декември 2012г., а Регулацискиот план на ГУП на град Скопје 2012-2022г. за градска четврт 3 04 е донесен со одлука бр. 27-974/1 од 29 јануари 2020г.

Можностите за изработка на урбанистичкиот план и потребните наменски содржини се пропишани и во двата планови од повисоко ниво, поточно согласно Член 33 од Општите услови за изградба, развој и користење на земјиштето и градбите од ГУП на град Скопје 2012-2022г, Член 11 од Општите услови од ГУП на град Скопје 2012-2022г. од РП на ГУП на град Скопје 2012-2022г. за градска четврт 3 04 и Посебните услови за изградба, развој и

користење на градежното земјиште и градбите за секоја урбанистичка единица-блок чиишто граници се утврдени со планот во четврт 3 04, односно табеларниот приказ на Блокот 3 04.01, каде нумерички е планирана наменска зона „В – јавни институции“ со површина од 1,50 хектари и која како наменска употреба е во согласност со потребите за планирање и реализација на административниот комплекс на АНБ.

Подетална анализа и евалуација на просторните можности за планирањето на овој комплекс, во која е вклучена и економска и еколошка оправданост за негова реализација е направена во „**Студијата на оправданост - Евалуација на просторните потенцијали и можностите за планирање на административен комплекс на Агенцијата за национална безбедност**“, која како документација е составен дел на Планската програма, а понатаму и на Урбанистичкиот план.

## 4. ПОСТОЈНА СОСТОЈБА

На локацијата предвидена за изработка на **Урбанистички план за подрачја и градби од државно значење со класа на намена В4 – згради на органите на државната власт, во градска четврт 304, блок 04.01, КО Карпош, Општина Карпош,** може да се забележат површини кои се опфатени со постојно ниско и средно-високо зеленило, кое е непплански реализирано и во голем дел запуштено, додека преостанатиот дел (на јужната страна) влегува во просторот кој се користи како претоварна станица за комунален отпад.

## 5. ОПШТИ И ПОСЕБНИ ЦЕЛИ НА ИЗРАБОТКА НА ПЛАНОТ

***Општи цели***

Урбанистичкиот план за подрачја и градби од државно значење со класа на намена В4 – згради на органите на државната власт, во градска четврт 304, блок 04.01, КО Карпош, Општина Карпош е дел од реформскиот процес кој подразбира развоен концепт на постојано унапредување на расположливите капацитети на безбедносниот систем, кој може да се справи со современите закани и ризици по националната и меѓународната безбедност. Тој процес е утврден преку:

- Законот за Агенција за национална безбедност Службен Весник на Република Северна Македонија (бр. 108/2019г.),
- Националната стратегија за борба против тероризмот на Република Северна Македонија (2023-2027г.)
- Националната стратегија за спречување на насилен екстремизам на Република Северна Македонија (2023-2027г.)
- Национална стратегија за сајбер безбедност на Република Македонија (2018-2022г.),
- Акциски план за имплементација на Националната стратегија за спречување насилен тероризам (2023-2027) и други.

***Посебни цели***

Целта на урбанистичкиот план е да ги дефинира правилата за изградба на нов административен комплекс со градби кои во иднина ќе се користат и ќе бидат во функција на Агенцијата за национална безбедност. Комплексот ќе биде испланиран согласно потребните програмски содржини за непречено функционирање и работа на институцијата,

со вградување на сите еколошки и технички стандарди за престој и работа на вработениот персонал во просторот и градбите. На овој начин ќе се овозможи подобрување на квалитетот, ефективноста и одржливоста на услугите кои придонесуваат за зачувување на националната безбедност и интерес на граѓаните и државата.

Урбанистичкиот план за подрачја и градби од државно значење, претставува основен развоен документ, кој има крајна цел преку:

- рационално користење на земјиштето,
- максимално вклопување на инфраструктурата и објектите со теренот,
- оформување архитектонска целина,
- почитување и заштита на правото на човекот на работа,
- почитување и валоризација на културното и градителското наследство,
- вградување пропратни содржини на основната наменска употреба на земјиштето,
- подигнување на хуманоста во просторот и непречено движење на лица со инвалидитет,
- вградување на мерки за заштита на природата и животната средина,
- вградување мерки за заштита и спасување,
- почитување на законските прописи, стандарди и нормативи во планирањето,
- почитување на законските прописи за дадената намена,

да ги утврди параметрите и насоките за изработка на Урбанистичките и Основни проекти за идната планирана градежна парцела.

## 6. ПРОГРАМСКИ СОДРЖИНИ КОИ СЕ ПРЕДМЕТ НА ПЛАНИРАЊЕ СО УРБАНИСТИЧКИОТ ПЛАН

Наменски зони и содржини

Со **Урбанистички план за подрачја и градби од државно значење со класа на намена В4 – згради на органите на државната власт, во градска четврт 304, блок 04.01, КО Карпош, Општина Карпош**, се предвидуваат следните наменски употреби на земјиштето дефинирани според Правилникот за урбанистичко планирање (Сл.в. на РСМ бр. 225/20, 219/21, 104/22 и 99/23):

Класи на намена

- **Групи на класи на намена:**
  - Јавни дејности и институции (ознака В)
  - **Класи на намена:**
    - Згради на органите на државната власт (ознака В4)
    - **Поединечна класа на намена:**
      - Агенции, управи, дирекции, регулаторни тела (ознака В4.6)
- **Групи на класи на намена:**
  - Зеленило, рекреација и меморијални простори (ознака Д)
  - **Класи на намена:**
    - Заштитно и сообраќајно зеленило (ознака Д2)

- **Поединечна класа на намена:**
  - Линиско сообраќајно зеленило, разделно зеленило, заштитно сообраќајно зеленило на крстосници и јазли (ознака Д2.1)
  - Дрвореди и друго украсно и заштитно зеленило (ознака Д2.1, Д2.2)

- **Групи на класи на намена:**
  - Инфраструктура (ознака Е)
  - **Класи на намена:**
    - Сообраќајни, линиски и други инфраструктури (ознака Е1)
    - **Поединечна класа на намена:**
      - Сообраќајни инфраструктури, (ознака Е1.1)
      - Хидротехнички инфраструктури (ознака Е1.4)
      - Инфраструктури на водоснабдувањето (ознака Е1.5)
      - Канализациска инфраструкутра (ознака Е1.6)
      - Топловодна инфраструктура (ознака Е1.7)
      - Електро-енергетска инфраструктура (ознака Е1.8)
      - Телекомуникациска инфраструктура (ознака Е1.9)
      - Гасоводна инфраструктура (ознака Е1.10)
      - Инфраструктури за одводнување (Е1.11)
      - Инфраструктури за наводнување (Е1.12)

<u>Компатибилни класи на намена на поединечната класа на намена В4.6</u>

- Хали за повеќе спортови (ознака Б6.3)
- Комунални топлани, генераторски станици и ладилници (ознака Г2.8)
- Автомобилски сервиси (ознака Г3.1)
- Концентрациони сончеви електрани (ознака Г3.7)
- Резервоари и цистерни за нафта, течен гас и нафтени деривати (ознака Г4.5)
- Резервоари и цистерни за вода (ознака Г4.6)
- Подземни гаражи (ознака Е2.1)
- Бензиски пумпи (ознака Е2.1)
- Стражарски пунктови (ознака Е3.3)
- Стрелишта (ознака Е3.3)
- Подземни и надземни складишта за муниција и експлозивни средства (ознака Е3.3)
- Полигони (ознака Е3.3)
- Засолништа (ознака Е3.3)

<u>Комплементарни намени на поединечната класа на намена В4.6</u>

- Оградни ѕидови, огради, оградни парапети со огради, надѕидоци и подѕидоци
- Внатрешен сообраќај, паркирање и гаражирање

- Пешачки патеки, автомобилски патеки, рампи и пристапни површини
- Зеленило и рекреативни содржини
- Спортски терени
- Тераси, платформи, тремови, стреи, перголи
- Објекти за чуварски служби и обезбедување
- Градби, инсталации и опрема без кои основната намена не може да се употребува согласно нејзината намена
- Инсталации во делови од парцела или градби што се неопходни за комуналните инфраструктури
- Резервоари
- Трансформаторски станици и подстаници
- Телекомуникациски столбови, кули, антени
- Надземни и подземни складишта на нафта
- Инсталации за производство на енергија од обновливи извори

**и други Геотехнички конструкции, помошни и времени градби, елементи на внатрешниот моторен и пешачки сообраќај, урбана опрема и други работи што се комплементарни градби кои немаат самостојна намена во планирањето.**

Класите на намени се утврдуваат согласно Правилникот за урбанистичко планирање (Сл.в. на РСМ бр. 225/20, 219/21, 104/22 и 99/23). Планираните поединечни намени ќе се дополнат со компатибилни (до 40%) и комплементарни намени согласно член 80 од Правилникот.

Во планскиот опфат потребно е да се изврши организација и функционална поставеност на содржините во целина, како и сегментирано усогласување на структурите во рамките на предметниот опфат. Проектот да овозможи да создаде услови за изградба и реализација на модерен комплекс со градби за потребите на Агенцијата за национална безбедност. Планирањето на големината на градежната парцела, површината за градба, висината на градбата, процентот на изграденост, коефициент на искористеност и другите урбанистички параметри да бидат согласно Правилникот за урбанистичко планирање (Сл.Весник на РСМ бр. 225/20, 219/21, 104/22 и 99/23).

## 7. ОСНОВА И МЕТОДОЛОГИЈА ЗА ИЗРАБОТКА НА ПЛАНОТ

Како основа и методологија за изработка на **Урбанистички план за подрачја и градби од државно значење со класа на намена В4 – згради на органите на државната власт, во градска четврт 304, блок 04.01, КО Карпош, Општина Карпош**, ќе биде Студијата за оправданост – Просторни потенцијали и можности за планирање на административен комплекс на Агенцијата за национална безбедност тех.бр. S2323, одредбите од Генералниот урбанистички план на Град Скопје и Регулацискиот план на ГУП за градската четвт 3 04, Ажурираната геодетска подлога, Планската Програма изработена од Агенцијата за планирање на просторот, а одобрена од нарачетелот и Министерство за транспорт и врски.

**Урбанистичкиот план за подрачја и градби од државно значење** ќе се изработи врз основа на методологијата, која произлегува од одредбите утврдени со:

– Законот за урбанистичко планирање (Сл.в.на РСМ бр. 32/20 и 111/23),

- Правилникот за урбанистичко планирање (Сл.в. на РСМ бр. 225/20, 219/21, 104/22 и 99/23),
- Закон за градење (Сл.Весник на РМ бр. 70/13 (пречистен текст), 79/13, 137/13, 163/13, 27/14, 28/14, 42/14, 115/14, 149/14, 187/14, 44/15, 129/15, 217/15, 226/15, 30/16, 31/16, 39/16, 71/16, 103/16, 132/16, 35/18, 64/18 и 168/18, 244/19, 18/2020, Уредба Сл. В. на РСМ бр. 89/20, Уредба Сл. В. на РСМ бр. 121/20 и 279/20, Сл. В. на РСМ бр. 96/2021 (Укинат член 65-а став 3), 227/22, 111/23, Сл. В. РСМ бр. 115/23 (У.бр.109/2022)),
- Законот за јавни патишта (Сл.Весник на РМ бр. 84/08, 52/09, 114/09, 124/10, 23/11, 53/11, 44/12, 168/12, 163/13, 187/13, 39/14, 42/14, 166/14, 44/15, 116/15, 150/15, 31/16, 71/16, 163/16, 174/21),
- Правилникот за техничките елементи за изградба и реконструкција на јавните патишта и на објектите на патот (Сл.Весник на РМ бр. 110/09, 163/09, 26/10, 163/10, 94/11, 146/11 и 09/17),
- Закон за води (Сл.Весник на РМ бр. 87/08, 06/09, 161/09, 83/10, 51/11, 44/12, 23/13, 163/13, 180/14, 146/15, 52/16, 151/21),
- Законот за животна средина (Сл.Весник на РМ бр. 53/05, бр.81/05, бр.24/07, бр.159/08 , бр.83/09, 48/10 и 124/10 и 51/11, 123/12 и 93/13 и 187/13 и 42/14 и 44/15 и 129/15, 192/15, 39/16, 99/18); (не важи член 179 став 1, 4 и 8-Сл. В. бр. 216/21) 89/22,
- Закон за квалитет на амбиентниот воздух Сл.Весник на РМ бр. 100/12-пречистен текст, бр. 163/13, 10/15, 146/15 и 151/21),
- Закон за заштита од бучава во животната средина Сл.Весник на РМ бр. 79/07 и 124/10 и 47/11 и 163/13, 146/15, 151/21),
- Закон за заштита на природата (Сл.Весник на РМ бр. 67/04, бр.14/06, бр.84/07, 35/10, 47/11, 148/11, 59/12, 13/13, 163/13, 41/14, 146/15, 39/16, 63/16, 113/18, 151/21),
- Закон за урбано зеленило (Сл.Весник на РМ бр. 11/18 и 42/20),
- Закон за заштита на културното наследство (Сл.Весник на РМ бр. 20/04, 71/04, 115/07, 18/11, 148/11, 23/13, 137/13, 164/13 и 38/14, 44/14, 199/14, 104/15 , 154/15, 192/15, 39/16, 11/18 и 20/19),
- Законот за заштита и спасување (Сл.Весник на РМ бр. 36/04, 49/04, 86/08, 124/10 и 18/11 и 41/141, 29/15, 71/16, 106/16, 83/18 и 215/21),
- Закон за управување со кризи (Сл.Весник на РМ бр. 29/05, 36/11, 41/14, 104/15, 39/16, 83/18 и 215/2021),

како и другата законска регулатива која што се однесува на планирањето и намената на просторот.

При изработката на **Урбанистички план за подрачја и градби од државно значење со класа на намена В4 – згради на органите на државната власт, во градска четврт 304, блок 04.01, КО Карпош, Општина Карпош**, треба да бидат почитувани сите податоци и информации добиени од органите на државната управа и другите субјекти.

***

## Графички прилози :

- Пошироко просторно опкружување, сообраќајни аспекти и поврзаност 1 : 10 000
- Ажурирана геодетска подлога и граница на плански опфат 1 : 1000

Изработил:
АГЕНЦИЈА ЗА ПЛАНИРАЊЕ НА ПРОСТОРОТ
Директор: **м-р Андријана Андреева д.и.а.**

Andrijana Andreeva Digitally signed by Andrijana Andreeva
Date: 2023.11.21 12:10:49 +01'00'

Нарачател:

МИНИСТЕРСТВО ЗА ТРАНСПОРТ И ВРСКИ

______________________________

Согласни:

АГЕНЦИЈА ЗА НАЦИОНАЛНА БЕЗБЕДНОСТ

Zarko Miloshevski

Digitally signed by Zarko Miloshevski
Date: 2023.11.21 17:08:48 +01'00'

______________________________

______________________________________

КОМИСИЈА ЗА УРБАНИЗАМ ВО
МИНИСТЕРСТВОТО ЗА ТРАНСПОРТ И ВРСКИ